АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 15-02-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 858 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)

3. **Период опфатен со надзорот:** 16 јануари 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 14 февруари 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 16 јануари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмите емитувани на 16 јануари 2019 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Имено, спротивно на точка 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците *(во дневноинформативните емисии (дневници, вести и сл.) и кај другите информативни емисии составени од повеќе новинарски прилози, од сопствено производство)*, на одјавната шпица во информативните програми „Вести", не се целосно објавени податоците за импресумот - име и презиме на одговорниот уредник на програмскиот сервис, име и презиме на одговорниот уредник на информативната редакција (доколку има), име и презиме на одговорниот уредник на конкретното издание на дневникот / вестите / информативната емисија, име и презиме на другите членови на телевизиската екипа со значаен ангажман во изработка на емисијата, датум на продукцијата (ден, месец и година) и име на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

**16.01.2019**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Вести | 00:00:00 | 00:04:45 | Во информативната програмата "Вести', на одјавната шпица не се целосно објавени податоците за импресумот. |
| | 07:00:09 | 07:04:48 | |
| | 09:00:40 | 09:16:58 | |
| | 10:00:02 | 10:16:19 | |
| | 14:02:38 | 14:19:18 | |

Исто така, во дел од прилозите во информативните програми „Вести", не се објавени податоците за импресумот - име и презиме на новинарот – автор на објавениот прилог, име и презиме на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (сниматeл, монтажер и сл).

**16.01.2019**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| Вести- на албански јазик | 09:00:40 | 09:16:58 | Во информативната програма "Вести', не се целосно објавени податоците за импресумот во дел од прилозите. |
| | 10:00:02 | 10:16:19 | |
| | 12:00:38 | 12:22:44 | |
| | 14:02:38 | 14:19:18 | |
| Вести – на турски јазик | 15:30:55 | 15:45:14 | Во информативната програма "Вести', не се целосно објавени податоците за импресумот во дел од прилозите. |
| Вести – на турски јазик | 17:32:49 | 17:56:59 | |
| Вести- на албански јазик | 18:30:16 | 18:58:02 | Во информативната програма "Вести', не се целосно објавени податоците за импресумот во дел |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | од прилозите. |
| Спорт - на албански јазик – *(Вести од спортот)* | 18:58:02 | 19:08:43 | Во програмата "Спорт', не се целосно објавени податоците за импресумот во дел од прилозите. |
| Вести- на албански јазик | 22:00:09 | 22:32:05 | Во информативната програма "Вести', не се целосно објавени податоците за импресумот во дел од прилозите. |

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во програмата на српски јазик - „Видик" и во програмата на влашки јазик - „Скантеу" (Scanteau), на одјавна шпица, не се целосно објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за (датумот на) продукцијата.

**16.01.2019**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| „Видик"- програма на српски јазик | 14:30:00 | 15:00:55 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица, не се целосно објавени податоците за импресумот |
| „Скантеу" (Scanteau) – програмна на влашки јазик | 15:01:25 | 15:30:44 | Во програмата на влашки јазик на одјавна шпица, не се целосно објавени податоците за импресумот |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), на 16 јануари 2019 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**9. Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 14 од Законот за медиуми; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***